Бр. 12-2634/6
22.11 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 став 3 и став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија) на 24-та седница одржана на ден 15 Ноември 2019 година донесе:

## **Одлука**

Постапката покрената по пријавата број 12- 2634/1 од 08.05.2019 година, а против општина ---------------- во врска со реновирање на Магистралниот пат ---------------------- започнати работи на ден 18 април 2019 година и со изградба на ден 16 април 2019 година на регионалниот пат ----------------- и поврзување на Магистралниот пат ------------------ во периодот на изборниот процес за Претседателските и Локалните избори 2019 година, СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2634/1 од 08.05.2019 година.

Предметот, со број 12-2634/1 од 08.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2634/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител по електронска пошта, против општина ------------------------ во врска со започнување на работи, на ден 18 април 2019 година, за реновирање на Магистралниот пат --------------------- и со започнување на градење, на ден 16 април 2019 година, на регионалниот пат ---------------------- и поврзување на Магистралниот пат ------------------- - во периодот на изборниот процес - за Претседателските и Локалните избори 2019 година. Според подносителот на пријавата е сторено прекршување на одредбите на член 8 став 1 алинеа 1 од Изборниот закон каде е наведено : „Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година".

Заради утврдување на фактичката состојба, по конкретниот предмет Државната комисија презема процесни дејствија и постапи согласно со член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - со прибирање на податоци и информации од општина ------------------- – преку градоначалникот на општина -----------------.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На барањето на Државната комисија од општина ------------ доставени се информации бр. 12-2634/4 од 30.08.2019 година и бр. 12-2634/5 од 06.09.2019 година со кои градоначалникот на општина --------------- ги оспорува наводите од пријавата, со образложение дека изведувањето на градежни работи на наведените магистрални патни правци не спаѓа во општинска надлежност, туку се надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта, како и поради фактот што од страна на општината не биле вршени активности за реновирање и изградба на истите.

На 24-та седница на Државната комисија одржана на ден 15.11.2019 година, врз основа на наводите од пријавата во предметниот пријавен случај, како и врз основа на добиените информации и податоци од општина ------------------, ДКСК констатира дека наводите за незаконитости и прекршувања во периодот на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година не се потврдуваат по што се оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 2634/6**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Доставено до :
- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk